View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk brought to you by CORE

UDK 364-787.24-056.26-053.2

# ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВАТА СО ДЕТЕ СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ

**Ангелка Кескинова**
Доцент на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ,
E-mail: angelka@fzf.ukim.edu.mk

**Македонка Радуловиќ**
Доцент на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ
E-mail: radulovic@fzf.ukim.edu.mk

**Ирена Бундалевска Авировиќ**
Доцент на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ
E-mail: avirovic@fzf.ukim.edu.mk

**Ивана Драговиќ**
Координатор на Институтот за семјни студии, Филозофски факултет, УКИМ
E-mail: ivana@fzf.ukim.edu.mk

**Апстракт**
Семејството на дете со пречки во развојот се соочува со неколку социјални ризици во исто време, т. е. со развојните предизвици на детето од една страна, и добивање на соодветна поддршка од релевантните институции, од друга страна. Како земја во долготрајна транзиција, сé уште немаме доволно развиен систем на формална и неформална социјална заштита, или истиот функционира на незадоволително ниво поради што семејствата се соочуваат со низа дополнителни проблеми. Целта на нашиот труд е да дадеме преглед на законската регулатива во насока на подобрување на квалитетот на живот на детето со развојни потешкотии, односно на неговото семејство. Нашата анализа е насочена кон утврдување на финансиските надоместоци кои ги нуди државата и утврдување на евентуалната дискриминација при поставување на законската регулатива. Според добиените резултати утврдивме дека постојат неколку дискриминирачки одлуки во распределбата на надоместоците. Еден од тие надоместоци е посебниот додаток кој според последните промени изнесува 5.096 ден за 2019г, истиот е наменет за повеќе категории на попреченост, но не и за лицата со лесна интелектуална попреченост, што претставува еден вид на дискриминација со оглед на тоа што оваа категорија на деца е најбројна помеѓу децара со интелектуална попреченост, а од друга страна потекнуваат од семејства со најнизок социо-економски статус.

**Клучни зборови:** *Семејство, семејна поддршка, дете со пречки во развојот, социјална заштита, надоместоци*

# SUPPORT OF FAMILIES WITH A CHILD WITH DISABILITIES IN DEVELOPMENT

**Angelka Kesnikova**
Assistant Professor, Faculty of Philosophy
Ss Cyril and Methodius University
Skopje, Republic of Macedonia

**Makedonka Radulovik**
Assistant Professor, Institute of Family Studies,
Faculty of Philosophy, UKIM

**Irena Bundalevska Avirovik**
Assistant Professor, Institute of Family Studies,
Faculty of Philosophy, UKIM

**Ivana Dragovic**
Coordinator of Institute of Family Studies,
Faculty of Philosophy, UKIM

**Abstract**
Family of a child with disabilities faces several social risks at the same time, child developmental challenges on one hand, and obtaining appropriate support from the relevant institutions, on the other. As a country in a long transition, we still do not have appropriate system of formal and informal social support, or it functions at an unsatisfactory level, due to which families face a series of additional problems. The aim of our research is to give an overview of the social legislation for improving quality of life of a child with disabilities and his/her family. We try to determinate the financial benefits offered by the state and identifying eventual discrimination in the legal regulation. According to the obtained results, we found that there are several discriminatory decisions in the allocation of benefits. One of those benefits is the special allowance which according to the latest changes it value is 5.096 den for 2019. It is intended for several categories of disability, but not for persons with mild intellectual disability, which is a kind of discrimination because this category of children is the most numerous among children with intellectual disability, and on the other hand usually they come from families with the lowest social and economic status.

**Key words:** Family, family support, child with disabilities, social protection, benefits

## 1. Потребата од социјални реформи во рехабилитацијата на лицата со попреченост

Република Северна Македонија се залага за имплементација на системот на интегрална рехабилитација на лицата со попреченост кој предвидува целокупниот третман кон овие лица да се одвива во три области: медицинска, едукативна и социоекономска. Иако се поделени согласно областа која ја опфаќаат овие три компоненти меѓусебе се поврзани, се испреплетуваат и на тој начин го градат комплетниот систем на интегрална рехабилитација. Само тогаш кога ќе оптимални услови за реализација на сите компоненти ќе може да констатираме дека во нашата држава има соодветен систем за рехабилитација на лицата со попреченост.

Сите компоненти се со подеднавка важност, но во нашата држава најмалку се обрнува внимание на социоекономската компонента, која во себе ги содржи неколкуте процеси на социјализација, културализација, општествен живот, домување, семеен живот, вработување и сл. Законот за социјална заштита како и правилниците кои произлегуваат од овој закон имаат значајна улога во овозможување на соодветни услови за реализација на овие процеси, и истите треба да се доволно сензитивни за да можат да ги пропознаат потребите на сите индивидуи со попреченост и соодветно да одговорат на истите.

Гледано од организациски аспект, Законот за социјална заштита го донесува ресорното Министерство за труд и социјална политика, додека пак локалните Центри за социјална работа имаат за задача да го имплементираат истиот во координација со Службата за лица со пречки во телесниот и менталиот развој при Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа. На овој начин оваа организациска мрежа треба да се осигура дека се задоволуваат сите потреби на лицата со попреченост од областа на социјалната заштита.

Последниот Закон за социјална заштита датира од нов датум, односно објавен е во Службен весник бр.104 од 23.05.2019год, каде во интерес на лицата во социјален ризик, меѓу кои и лицата со попреченост, направени и унапредени се многу социјални реформи. Фокусот на нашето истражување е компарација на новите законски измени со стариот закон, односно да утврдиме дали новите социјални реформи ги решаваат предизвиците на лицата/децата со попреченост и нивните семејства, дали ги опфаќа сите категории на лица со попреченост, односно дали ќе овозможат унапредување на нивниот социјален развој.[1]

[1]Закон за социјалната заштита, Службен весник бр.104 од 23.05.2019год, достапно на : http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf [пристапено на 14.06.2019] p.6

### 1.1 Методологија на истражување

**Предмет на истражувањето** се Законот за социјална и детска заштита, односно реформите и измените кои се однесуваат на децата/лицата со попреченост и нивните семејства.

**Цел на истражувањето** е да утврдиме дали законските измени и реформираниот закон за социјална и детска заштита се доволно сензитивни за потребите на сите деца/лица со попреченоси и нивните семејства.

**Задачи на истражувањето:**

- Да утврдиме дали во законот за заштита на децата се опфатени сите категории на деца со попреченост;
- Да утврдите дали со законот за социјална заштита се опфатени сите категории на лица со попреченост
- Да направиме компарација помеѓу социјалните реформи наманети за згрижувачките семејства и биолошките семејства на лицата/децата со попреченост

Нашето истражување е од квалитативен карактер, во кое за анализа на резултатите и за добивање на соодветни заклучоци користен е методот на анализа на документација.

## 2. Анализа и дискусија на резултатите

### 2.1 Анализа на Законот за заштита на децата/Посебен додаток

Согласно правата од детска заштита, посебниот додаток пропишан е како надоместок наменет за децата со попреченост до навршени 26 год, согласно наодот и мислењето за својата попреченост издаден од соодветен орган. Последната промена во однос на овој додаток е направена во 2018год кога посебниот додаток од 4 202 денра на месечно ниво се зголеми на 5 096 денари.

Како социјален надоместок ги опфаќа следните категории на деца со попреченост, деца со: [2]

- тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој;
- умерена, тешка или длабока ментална попреченост,
- најтешки облици на хронични заболувања;
- најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице; практично глуво и тотално глуво лице; лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам, лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор),
- Даунов синдром и

[2] Посебен додаток, Права од детска заштита. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/prava-od-detska-zashtita-ns_article-poseben-dodatok.nspx [пристапено на 14.06.2019]

- повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

Во оваа листа на корисници на посебен надоместок меѓу другите недостасуваат лицата со лесна интелектуална попреченост (ИП). Тоа се лица кои во категоријата на лица со интелектуална попреченост се најбројни (89%), а од друга страна според голем број на истражувања овие лица најчесто живеат во полоши социоекономски услови во споредна со семејстават кои имаат дете со потешка ИП.[3]

Во едно истражување на територијата на Република Северна Македонија, на примерок од 104 семејства со дете со интелектуална попреченост утврдено е дека **децата со лесна ИП живеат во семејства со понизок социо-економски статус.** Односно според анализата семејствата на овие деца имаат понизок степен на образование во однос на семејствата на децата со потешка ИП (дури 20% од родителите на децата со лесна ИП немале никакво образование), понатаму стапката на вработеност на овие родители е помала од стапката на вработеност на другите родители во примерокот и примаат месечна плата помала за 2 250 денари.[4]

Резултатите од ова истражување не би требало да не изненадат имајќи го во предвид фактот дека многу автори укажуваат на поврзаноста на појавата на лесна ИП со нискиот социо-економски статус. Според Јакулиќ постојат разлики во преваленцијата во руралните и урбаните средини, а особено кога се во прашање етничките, социо-економските и географските региони.[5] Leonardo и сор. пронашле поврзаност помеѓу образованието на мајката и преваленцијата на интелектуалната попреченост. Нискиот социо-економски статус се поврзува со лоши услови за живот, кои влијаат врз растот и развојот на фетусот или кај малите деца, и може да доведе до интелектуална попреченост.[6]

Од друга страна и покрај тоа што спаѓаат во категоријата на лица со лесна интелектуална попреченост, коефициентот на интелигенција кај нив се движи во распон од 50-69IQ, што е доста широк дијапазон и во една категорија е сместена доста хетерогена група со различни способности, карактеристики и потенцијали за развој. Од рехабилитациски аспект овие лица имаат проблеми во развојот на когнитивните способности, говорот, јазичните и моторните способности, како и во можноста за социјализација.

Во категоријата на лица можни корисници на оваа реформа се вбројуваат и лицата со Даунов синдром, што според Правилникот за оцена на специфичните потреби на

---

[3]Ајдински, Г.; Кескинова, А.; Мемеди, Б.; *Интелектуална попреченост*, Арбериа Дизајн, Тетово, 2017, p. 48

[4]Кескинова, А.; *Социоекономски статус на семејствата на децата со интелектуална попреченост вклучени во посебните основни училишта и дневните центри на терторијата на град Скопје,* магистерски труд, 2004, p.135

[5] Јакулиќ,С.; *Медицинске основе менталне ретардације*, Завод за уджбенике и наставна средства, Београд, 1993.

[6] Leonard, H.; Petterson, B.; Bower, C.; Sanders, R. Prevalence of intellectual disability in Western Australia. *Pediatric and Perinatal Epidemiolog, 2003,* vol.17, p.58-67

лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, не претставуваат посебна категорија на лица со попреченост, туку во зависност од своите карактеристики можат да се вбројат во категоријата на лица со интелектуална попреченост или лица со комбинирани пречки во развојот[7]. Одтука сметаме дека е несоодветно оваа категорија да стои како посебна издвоена категорија на попреченост. Самото издвојување на лицата со Даунов синдром како посебна категорија на корисници на оваа реформа претставува своевидна дискриминација кон другите лица кои својата попреченост ја имаат како резултат на други состојби и болести. Според вака поставениот правилник доколку лицето има Даунов синдром и притоа лесна интелектуална попреченост може да користи посебен додаток, но доколку лесната интелектуална попреченост е од друга причина тогаш лицето нема право на посебен додаток.

Разгледувајќи ја категоријата на деца со сензорни проблеми, може да истакниме дека надоместокот не е предвиден за слабовидно и наглуво дете. Доколку детето има оштетување на видот до 97% или оштетување на слухот до 80dB нема можност за користење на додатокот, во овој случај одлуката целосно е оставена на квантитативното оштетување на сетилото без да се води сметка за квалитетот на личноста, односно во пракса степенот на оштетување на сетилото не е правопропорционално со можноста за функционирање на личноста.

Уште еден проблем во однос на ваквата поставеност на категориите е политиката на одожена дијагноза од страна на комисиите за категоризација на децата со попреченост. Често пати комисиите за категотризација сосема оправдано одбиваат да постават конкретна дијагноза за дете кое е сеуште во интензивен развоен период, затоа што тој период може да смени многу во неговите потенцијали и можности. Поставувањето на избрзана трајна дијагноза на дете во интензивен развен период може негативно да се одрази врз неговите законски можности во иднина. Ова најчесто се случува кај децата за кои стручните тимови се сомневаат на состојба на аутизам, па во тој развоен перод користат други термини: деца со дисхармоничен развој, аутистичен спектар на однесување и сл. Во вакви случаи децата немаат право на надоместок бидејќи не влегуваат во соодветна категорија на попреченост, но по совет на тимот за категотизација мора да посетуваат низа третмани од специјален едукатор, логопед или друго стручно лице, како и да им се ординира соодветна медицинска терапија за подобрување на нивната состојба. Според тоа овие деца, односно нивните семејства имаат многу трошоци поради развојните потешкотии на нивното дете (околу 8 000 ден месечно), но немаат право на никаков надоместок.

Неможноста сите категории на лица со попреченост да користат посебен додаток води кон неколку проблеми кои дополнително ја влошуваат социоекономската состојба на семејствата. Еден од проблемите настанува тогаш кога овие семејстава кои имаат дете со лесна интелектална попреченост поради потребата од финансиска помош, ја

[7] Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, Службен весник на Република Македонија 12.09.2016, доспапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/fb7e5c35ab144f3eb7d9840f876ca818.pdf, [пристапено на 14.06.2019]

прикажуваат состојбата на нивното дете полоша во однос на реалната состојба или прават притисок кон надлежните комисии нивното дете да добие наод и мислење во кое ќе стои потешка дијагноза, која од една страна ќе обезбедиповеќе финансии во семејството, но од друга страна детето трајно ќе се здобие со погрешна и потешка дијагноза која секако ќе има свои законски последици и ограничувања во напредувањето на детето во иднина. Вакви злоупотреби се забележуваат години наназад и релевнтните институции бараат начин како да го решат овој проблем.[8]

## 2.2 Анализа на законот за социјална заштита

Со новиот закон за социјална заштита се изменети неколкуте форми за социјална заштина на лицата со попреченост после нивната 26та година. Согласно овој закон, лица со попреченост т.е. нивните семејства може да бидат корисници на:

1. надоместок заради попреченост;
2. надоместок за помош и нега од друго лице;
3. надоместок на плата за скратено работно време;
4. траен надоместок.

### 2.2.1 Надоместок заради попреченост

Според член 44 од новиот Законот за социјална заштита: Надоместок заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е: [9]
- со тешка или длабока интелектуална попреченост,
- со најтешка телесна попреченост,
- потполно слепо лице и
- потполно глуво лице

Со стапување во сила на новиот Закон за социјална заштита надоместоците како постојана парична помош, додатокот на мобилност, слепило, и додатокот за глувост, кои што беа дел од стариот закон, се преведуваат во овој надоместок.
Доколку ги споредиме надоместците од стариот и новиот закон ќе заклучиме дека во стариот закон постојана парична помош можеа да користат и лица со умерена интелектуална попреченост, како и лица со комбинирани и други пречки во развојот, кои заради степенот на попреченоста не можат да се стекнат со образование, како и лица со телесна попреченост, поради која се неспособни за работа[10]. **Во новиот закон за**

[8] МТСП: Констатирани злоупотреби во категоризацијата на деца со пречки во развојот, достапно на: https://vlada.mk/node/3684 , [пристапено нз 14.06.2019]

[9] Закон за социјалната заштита, Службен весник бр.104 од 23.05.2019год, достапно на : http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf [пристапено на 14.06.2019] p.13

[10] Право на постојана парична помош, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/uslugi-ns_article-pravo-na-postojana-paricna-pomosh.nspx , [пристапено на 14.06.2019]

**социјална заштита овие категории на лица со попреченост се иземени од можноста да го користат овој надоместок.**
Во рамките на истиот член 44 стои дека - Надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот[9]. **Новината во овој дел е дека лицето кај кое оштетувањето настанало после 65 година нема право да го користи овој надоместок, услов кој што не стоеше во претходниот закон**. Овој услов ќе влијае врз лица кои имаат прогресивно оштетување на видот, слухот, моториката и кај кои се предвидува значително влошување со процесот на стареење, во оваа група може да се вклучат и лицата кај кои оштетувањето настанало под влијание на физички фактор.

Како недостаток на овој надоместок би го издвоиле отсуството на лицата со аутизам. Голем дел од овие лица имаат интелектуална попреченост и по претпоставка дека со помош на рехабилитациskиот процес сме обезбедиле максимален развој на личноста, сепак тој не е доволен за живеење на лицето без соодветна поддршка. Исклучувањето на овие лица од корисници на надоместок за попреченост сметаме дека негативно ќе влијае врз квалитетот на нивниот и животот на нивните семејства.

### 2.2.2 Надоместок за помош и нега од друго лице

Според член 48 од Законот за социјална заштита Право на надоместок за помош и нега од друго лице има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Висината на надоместокот за помош и нега од друго лице се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице.

Висината на месечниот надоместокот може да изнесува 3 959 ден во помал обем и 4 475ден во поголем обем, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година.

Според анализата која ја направивме сметаме дека не постојат значајни разлики на овој надоместок во стариот и новиот закон за социјална заштита.

### 2.2.3 Надоместок на плата за скратено работно време

Според член 45 од Законот за социјална заштита, правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето.

**Новитет е тоа што законските измени овозможија скратеното работно време за родителите да продолжи и после 26 години**. До сега надоместокот изнесуваше фиксно 4 800 денари, а согласно измените **изнесува 50% од просечната нето плата на родителот за претходната година**, но најмногу до 50% од просечната

нето плата во Република Северна Македонија за претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

Во Република Северна Македонија просечната нето плата е нешто повеќе од 24 000 ден (во зависност од месецот)[11]. Според тоа овој надоместок добил зачително покачување со новите законски измени и истиот може да достигне до 12.000 денари.

### 2.2.4 Траен надоместок

Според член 48 од Законот за социјална заштита, право на траен надоместок за згрижувач има згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж, кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа[12].

Висина на надоместокто изнесува 8.000 денари месечно, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година.

Новите законски измени се однесуваат на времетраењето на згрижување на детето. Со старот закон згрижувачите се здобиваа со право на надоместок доколку згрижиле дете најмалку пет години, сега тој временски период е зголемен за петнаесет години, со што се намалува можноста за злоупотребување на овој надоместок и е во најдобар интерес на децата кои имаат потреба до згрижувачко семејство.

Новиот закон за прв пат покажува семзитивност и за биолошките семејства кои се грижат за своите деца со попреченост, без истите да ги сместат во институција. Според член 60, право на траен надоместок има родител кој има дете со попреченост. Правото на траен надоместок го остварува родител кој се грижел за детето до неговата 26 годишна возраст, без истото да користи услуга на вон-семејна социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж. Висината на надоместокот на овие семејства изнесува 8.000 денари месечно, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година.

Покрај тоа што за прв пат се обезбедува паричен надоместок на биолошките родители, разгледувајќи ги условите за користење на овој надоместок, сепак сметаме дека биолошките семејства повторно се во дискиминирачка положба во однос на згрижувачките семејства. Ваквиот заклучок произлегува од потребното минималното време на згрижување на детето со попреченост за да се стекнат со правото на надоместок, кое за згрижувачкото семејство изнесува 15 години, а за биолошките семејства тоа е 26 години.

---

[11] Просечна месечна исплатена нето плата по вработен, достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=40&rbrObl=14, [пристапено на 14.06.2019]

[12] Закон за социјалната заштита, Службен весник бр.104 од 23.05.2019год, достапно на : http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf [пристапено на 14.06.2019] p.17

## 3. Заклучоци и предлози

Разгледувајќи ги законските одредби во Законот за детска заштита би заклучиле дека направен е напредок во однос на зголемување на вредноста на посебниот додаток, но не постојат подеднакви услови за користење на надоместокот за сите категории на деца со попреченост, а според нашите согледувања најмалку се достапни за онаа категорија на деца со попреченост кои имаат најголема потреба од финансиски надоместок, односно за децата со лесна интелектуална попреченост. Од тука никако не смееме да го оправдаме исклучувањето на лицата со лесна интелектуална попреченост од корисници на оваа реформа, односно ваквата одлука сметаме дека е дискриминирачка и се коси со основните начена на самите социјални реформи.

Реформираниот Закон за социјална заштита го унапредува квалитетот на живот на лицата со попреченост и нивните семејства. Ваквиот заклучок го донесуваме како резултат на продолжување на надоместокот за попреченост, надоместокот за помош и нега од друго лице, а од особена важност е зголемување на додатокот за скратено работно време на родителот и временски неограничената можност за негово користење, како и унапредување на правата на биолошките семејства преку можноста за користење на трајниот надоместок. Но, надомесотците предвидени и со овој закон повторно не се достапни за сите категории на лица со попреченост, особено важно е што во надоместокот за попреченост се иземени лицата со умерена интелектуална попреченост и аутизам.

Иземањето на дел од категориите на лица со попреченост од можноста да користат некој надоместок и во двата закони, Закон за детска и Закон за социјална заштита сметаме дека е дискриминирачки и во голем дел е спротивно од основните начела за социјална заштита, Начело за еднаков третман и недискриминација (член 16), Начело на индивидуализација (член 18), Начело за зајакнување на корисникот (член 19) и Начело на најдобар интерес (член 22). Според нашето согледување најзасегнати од ваквиот пристап се лицата со интелектуална попреченост, лицата со аутизам, како и лицата со тешки сензорни оштетувања кои не доведуваат до тотално оштетување на сетилото, но интензивно влијаат врз нивното секојдневно функционирање и квалитетот на живот.

За да се надминат овие недостатоци предлагаме законите да се рефлектираат врз конкретна анализа на состојбата на корисниците на истиот:

- Да се одреди бројот на лица со пречки во развојот и тоа придружено со конкретна анализа на видот и степенот на попреченост и нивниот социо-економски статус;
- Константна анализа на ефективноста на конкретна социјална мерка која е предвидена со законот;

- Категориите кои се корисници на надоместоците да произлегуваат од Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- Наместо тотално исклучување на одредена категорија на лицата со попреченост во можноста за користење на некој надоместок, најдобро е тимот кој прави процена на функционалните сособности и кој го предлага соодветниот третман на лицето, да направи и процена на финансиската спремност на семејството за да го овозможи истиот. Согласно тоа тимот може да одлучи кои надоместоци детето/лицето со попреченост и неговото семејство може да ги користи и во кој временски период. На овој начин ќе се избегне дискриминацијата, ќе преминиме кон индивидуален пристап во интерес на развој на личноста и зајакнување на потенцијалите на корисникот и неговото семејство.